# РЕГУЛАТИВА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ (ЕУ) БР. 646/2012 НА КОМИСИЈАТА

**од 16 јули 2012 година**

**за утврдување на детални правила за глоби и периодични парични казни во согласност со Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008 на Европскиот парламент и на Советот**

**(Текст со важност за ЕЕО)**

ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА,

имајќи го предвид Договорот за функционирање на Европската Унија,

имајќи ја предвид Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008 на Европскиот парламент и на Советот од 20 февруари 2008 година, за заеднички правила во областа на цивилното воздухопловство и создавање на Европска агенција за воздухопловна безбедност и за укинување на Директива 91/670/ЕЕЗ на Советот, Регулатива (ЕЗ) бр. 1592/2002 и Директива 2004/36/ЕЗ[1], а особено член 25(3) од истата,

со оглед на тоа што:

(1) Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008 има за цел да воспостави и одржува високо и изедначено ниво на безбедност на цивилното воздухопловство во Европа. Таа регулатива ги предвидува потребните средства за постигнување на таа цел и други цели во областа на безбедноста во цивилното воздухопловство.

(2) Во согласност со Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008, Европската агенција за воздухопловна безбедност („Агенцијата“) е одговорна за сертификација на одредени производи, лица и претпријатија. Во областите за кои е надлежна, Агенцијата треба да ја следи усогласеноста на овие производи, лица и претпријатија со важечките барања меѓу кои се наведени одредбите од Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008 и нејзините правила за спроведување.

(3) Во случај кога утврдените потенцијални недостатоци не се решени на соодветен начин во текот на постојниот надзорен процес, член 25 од Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008 дава овластување на Комисијата, по барање на Агенцијата, да наметнува глоби и периодични парични казни за имателите на сертификати издадени од страна на Агенцијата за намерно или ненамерно кршење на некои од обврските предвидени со Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008 или нејзините правила за спроведување.

(4) Преку воведување на глоби и периодични парични казни Комисијата би требало да располага со дополнителен инструмент кој ќе ѝ овозможи појасно, пофлексибилно и постепено одговарање на кршењето на правилата, во споредба со повлекувањето на сертификатот издаден од страна на Агенцијата.

(5) Потребно е да се утврдат правилата во однос на постапките, истрагите, поврзаните мерки и известувања од страна на Агенцијата, како и процедуралните правила за

[1] Сл. весник бр. L 79, 13.3.2008 год., стр. 1.

донесување на одлуки, вклучувајќи ги одредбите за утврдување на висината на глобите и периодичните парични казни. Исто така, потребно е да се утврдат детални критериуми за одредување на висината на глобите или периодичните парични казни.

(6) Овие правила и постапки треба да се темелат на потребата да се обезбедат највисоки можни стандарди за безбедност и заштита на животната средина, од потребата да се промовира ефикасно спроведување на истрагите и на фазите на донесување одлуки, како и од потребата да се обезбеди правичност и транспарентност на постапките и наметнувањето на глобите и периодичните парични казни.

(7) Одредбите од оваа регулатива можат ефикасно да се применат само во рамки на блиската соработка помеѓу земјите-членки, Комисијата и Агенцијата. За таа цел потребно е да се воспостават договори за нивно меѓусебно советување и соработка со цел да се обезбеди ефикасно спроведување на истрагите и процесот на донесување одлуки во поглед на наводните прекршувања.

(8) Соодветно е, со цел отворање и водење постапка за утврдување на неусогласеноста и одредувањето на висината на глобите и периодичните парични казни, Комисијата и Агенцијата да ги имаат предвид другите постапки против истиот имател на сертификатот кои се започнати или завршени од страна на една земја-членка или трети земји.

(9) Комисијата и Агенцијата треба да ги земаат предвид сите нерешени а, започнати предмети, или донесени одлуки, од страна на Агенцијата во однос на измената, ограничувањето, привременото прекинување или повлекување во согласност со Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008.

(10) Без да е во спротивност со одредбите од законодавството на Унијата што ја спречува употребата на информациите за безбедност со цел утврдување на вината или одговорноста, особено член 16(2) од Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008 на Европскиот парламент и на Советот од 20 октомври 2010 година, за истрагите и спречувањето на несреќи и незгоди во областа на цивилното воздухопловство и за укинување на Директива 94/56/ЕЗ[1]и член 7 од Директива 2003/42/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 13 јуни 2003 година, за известување за настани во областа на цивилното воздухопловство[2], во текот на истрагата или во текот на фазите на одлучување при постапката за утврдување на неусогласеноста можат да се користат сите овластувања за надгледување доделени на Комисијата или Агенцијата од страна на законодавството на Унијата во однос на сертификатите издадени во согласност со Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008. Одлуката на Комисијата за наметнување глоби или периодични парични казни треба да биде врз основа на истрагата спроведена од страна на Агенцијата, на забелешките на имателот на сертификатот кој е предмет на постапката за утврдување на неусогласеноста и, каде што е соодветно, на други информации доставени до Агенцијата и Комисијата.

(11) Соодветно е да им се обезбеди на имателите на сертификати можноста доброволно да се усогласат, во рамките на одредени временски рокови, со Регулатива (ЕЗ) бр.

1 Сл. весник бр. L 295, 12.11.2010 год., стр. 35.
2 Сл. весник бр. L 167, 4.7.2003 год., стр. 23.

216/2008 и нејзините правила за спроведување, и во тој случај Комисијата не треба да наметнува глоби или периодични парични казни. Можноста доброволно да се докаже усогласеноста, сепак треба да биде временски ограничена.

(12) Одлуките со кои се наметнуваат глоби или периодични парични казни треба да се темелат само на основи во однос за кои имателот на сертификатот има можност да се изрази.

(13) Глобите или периодичните парични казни треба да бидат ефикасни, пропорционални и разубедувачки имајќи ги предвид околностите на специфичниот случај.

(14) Соодветно е да се предвиди посебна постапка за случаите во кои Комисијата има намера да наметне периодични парични казни против имателот на сертификатот кој е предмет на постапка за утврдување на неусогласеност затоа што не соработува со Комисијата или Агенцијата во однос на истрагата или барањата за информации.

(15) Оваа регулатива ги почитува фундаменталните права и се придружува кон начелата признати од страна на Повелбата за фундаменталните права на Европската унија, особено во однос на правата за одбрана и начелото за доверливост, во согласност со општите начела на законодавството и судската пракса на Судот на правдата на Европската Унија.

(16) Со цел да се обезбеди правна сигурност во водењето на постапката за утврдување на неусогласеноста потребно е да се утврдат деталните правила за пресметување на временските рокови и роковите за ограничување во однос за наметнување и извршување на глобите и периодичните парични казни.

(17) Одлуките со кои се наметнуваат глоби и периодични парични казни треба да бидат спроведени во согласност со член 299 од Договорот за функционирање на Европската Унија и треба да се контролираат од страна на Судот на правдата на Европската Унија.

(18) Мерките предвидени со оваа регулатива се во согласност со мислењето на Комитетот основан со член 65(1) од Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008,

ЈА ДОНЕСЕ СЛЕДНАТА РЕГУЛАТИВА:

ПОГЛАВЈЕ I

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

*Член 1*

### Предмет и опсег

1. Оваа регулатива ги утврдува деталните правила за спроведување на Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008 во однос на критериумите за утврдување на висината на глобите или периодичните парични казни, постапките за истраги, поврзаните мерки и известувањето, како и правилниците за донесување на одлуки, вклучувајќи ги и одредбите за правата на одбраната, пристапот до датотеки, правното застапување, доверливоста и временските одредби, одредувањето на висината и собирањето на глобите и периодичните парични казни.

2. Оваа регулатива се однесува на наметнувањето на:

а) глоби за лица и претпријатија на кои Европската агенција за воздухопловна безбедност („Агенцијата“) им издала сертификат („имател на сертификатот“) во кој, преку намерно или ненамерно однесување, одредбите од Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008 или нејзините правила спроведување, биле прекршени и каде се во прашање интересите на Унијата;

б) периодични парични казни за имателите на сертификати наведени во точка (а), со цел да се принудат овие имател да се усогласат со Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008 или со нејзините правила за спроведување.

ПОГЛАВЈЕ II

## ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НЕУСОГЛАСЕНОСТ

*ОДДЕЛ 1*

***Истрага***

*Член 2*

**Постапка за утврдување на неусогласеност**

1. Постапката за утврдување на неусогласеност предвидена во ова поглавје ги опфаќа сите административни фази на истрагата за можни прекршувања на Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008 или нејзините правила за спроведување.

2. Агенцијата може да покрене постапка за утврдување на неусогласеност на своја иницијатива или на барање на Комисијата или земја-членка.

3. Кога постапката за утврдување на неусогласеност се покренува на барање на Комисијата или на земја-членка, тие се информирани од страна на Агенцијата за текот на истата истрага.

*Член 3*

**Барање за информации**

1. За целите на покревањето и водењето на постапката за утврдување на неусогласеност, Агенцијата може да ги користи сите информации добиени при вршењето на надлежностите за надзор кои ѝ се доделени со законодавството на Унијата во однос на сертификатите издадени во согласност со Регулатива (ЕЗ) 216/2008, без оглед на законодавството на Унијата кое ја попречува употребата на информации за утврдување на вината или одговорноста.

2. Пред покревањето на постапката за утврдување на неусогласеност, Агенцијата може да побара од имателот на сертификатот информации во однос на наводното прекршување.

Агенцијата ги наведува целите на барањето и фактот дека е упатено во согласност со оваа регулатива и го утврдува рокот за доставување на информациите.

*Член 4*

**Известување**

1. Агенцијата доставува писмено известување за покревањето на постапката за утврдување на неусогласеност до имателот на сертификатот, до Комисијата и националните воздухопловни власти на земјите-членки или трети земји каде што имателот на сертификатот има седиште и каде што настанало кршењето и, каде што е соодветно, до воздухопловните власти на трети земји и до меѓународните организации надлежни за прашањата опфатени со оваа регулатива.

2. Известувањето:

а) содржи тврдења против имателот на сертификатот, наведувајќи ги одредбите на Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008 или нејзините правила за спроведување кои се смета дека се прекршени и доказите врз кои се темелат овие тврдења; како и

б) го известува имателот на сертификатот дека може да му се изречат глоби или периодични парични казни.

*Член 5*

**Истраги**

1. По покревањето на истрагата, Агенцијата предвидува појаснување на фактите и тврдењата.

2. Агенцијата може да бара од имателот на сертификатот да обезбеди писмено или усно објаснување, како и податоци или документи.

Барањето се испраќа во писмена форма до имателот на сертификатот. Агенцијата ја наведува правната основа и целта на барањето, го определува рокот за обезбедување на информациите и го известува имателот на сертификатот за периодичните парични казни предвидени со член 16(1)(а) и (б) за неисполнувањето на барањето или за доставувањето на неточни или погрешни информации.

3. Агенцијата може да побара од националните воздухопловни власти да соработуваат во истрагата и, особено, да ги обезбедат сите информации во поглед на наводното кршење.

Во барањето е наведена правната основа и целта на барањето и утврден е рокот за доставување на одговор или за спроведувањето на истражни мерки.

4. Агенцијата може да побара од секое физичко или правно лице или воздухопловни власти на трети земји да обезбедат информации во поглед на наводното прекршување.

Во барањето е наведена правната основа и целта на барањето и утврден е рокот за доставување на информациите.

*Член 6*

**Доброволно исполнување на одредбите**

1. Во моментот на известување за покревањето на постапката за утврдување на неусогласеност, или последователно, Агенцијата го определува рокот во кој имателот на

сертификатот може во писмена форма да наведе дека доброволно се усогласени прекршените одредби или, доколку е соодветно, дека има намера да ги усогласи. Кога имателот на сертификатот доброволно ги исполнува одредбите во тој рок, Агенцијата ја затвора постапката за утврдување на неусогласеност.

Агенцијата не е должна да ги има предвид одговорите добиени по истекот на тој рок.

2. Рокот предвиден во став 1 не може во никој случај да истече по датумот на кој Агенцијата го доставува известувањето за приговорите предвидено со член 7.

*Член 7*

**Известување за приговорите**

1. Таму каде што е утврдена фактичката состојба и е утврдено дека постојат основи за продолжување на постапката за усогласување, Агенцијата го доставува во писмена форма известувањето за приговорите до имателот на сертификатот. Известувањето за приговорите содржи:

а) тврдења против имателот на сертификатот, наведувајќи ги одредбите од Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008 или нејзините правила за спроведување кои се смета дека се прекршени и доказите врз кои се темелат овие тврдења;

б) информација дека може да се изречат глоби или периодични парични казни.

2. Во моментот на доставување на известувањето за приговорите, Агенцијата го повикува имателот на сертификатот да поднесе писмени согледувања. Поканата е во писмена форма, со наведување на рокот во кој треба да бидат поднесени согледувањата.

*Член 8*

**Усно сослушување**

1. Ако имателите на сертификати го бараат тоа, Агенцијата им ја нуди можноста да ги развијат аргументите во текот на усното сослушување.

2. Каде што е потребно, Агенцијата може да ги повика националните воздухопловни власти или кое било друго лице да учествува во усното сослушување.

3. Усното сослушување не е јавно. Секое лице може да биде сослушано одделно или во присуство на други лица поканети да учествуваат, имајќи го предвид легитимниот интерес на имателите на сертификати и други лица во заштита на нивните деловни тајни и други доверливи информации.

*Член 9*

**Рокови**

За да се обезбеди правна сигурност во истрагата, Агенцијата воспоставува детални правила за одредување на рокови.

*Член 10*

**Извештај**

1. Агенцијата доставува до Комисијата, земјите-членки и имателот на сертификатот извештај во кој се сумирани наодите од истрагата спроведена во согласност со овој оддел. Агенцијата, исто така, ја доставува до Комисијата документацијата која е под истрага.

2. Ако во извештајот Агенцијата заклучува дека имателот на сертификатот ги прекршил одредбите од Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008 или нејзините правила за спроведување, извештајот, исто така, содржи:

а) проценка на околностите на случајот, во согласност со критериумите од член 15 од оваа регулатива;

б) барање до Комисијата за наметнување глоби или периодични парични казни.

в) образложен предлог за одредување на висината на глобите или периодичните парични казни.

3. Агенцијата го донесува извештајот во рок од [12 месеци] по известувањето за покренување на постапката за утврдување на неусогласеност во согласност со член 4 или во рок од [6 месеци] по известувањето од страна на Комисијата, за враќање на документацијата во согласност со член 12.

*ОДДЕЛ 2*

***Одлучување***

*Член 11*

**Барања за информации**

1. Кога Комисијата, по барање на Агенцијата во согласност со член 10(2)(б), одлучува да продолжи со постапката за неусогласеност, може да побара во писмена форма од имателот на сертификатот да обезбеди писмено или усно објаснување, како и детали или документи. Во тој случај, Комисијата го известува имателот на сертификатот за периодичните парични казни предвидени во член 16(1)(в) и (г), за неисполнување на барањето или за доставувањето на неточни или погрешни информации.

Комисијата, исто така, може да побара од Агенцијата, националните воздухопловни власти или кое било друго физичко или правно лице да достави информации во однос на наводното прекршување.

2. Комисијата гарантира дека имателот на сертификатот има можност да обезбеди писмени или усни објаснувања, како и детали или документи во поддршка на свои аргументи. Имателите на сертификати може да побараат усно сослушување, но Комисијата има право да се согласи со тоа барање, само во случаи кога смета дека е неопходно.

*Член 12*

**Нов период на истрага**

Имајќи го предвид извештајот на Агенцијата, со оглед на согледувањата на имателот на сертификатот презентирани врз основа на тој извештај и секоја друга соодветна информација, Комисијата може да заклучи дека се потребни дополнителни информации. Во тој случај таа може да ја врати документацијата на Агенцијата. Комисијата јасно ги укажува фактите на Агенцијата, кои што таа треба понатаму да ги испита и, доколку е соодветно, да предложи во тој поглед можни мерки за истрага, како што е предвидено со Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008. Оддел 1 од Поглавје II кон оваа регулатива се применува за спроведување на нов период за истрага.

*ОДДЕЛ 3*

***Одлуки во однос на глоби и периодични парични казни***

*Член 13*

**Глоби и периодични парични казни и максимални износи**

1. Кога Комисијата, по одлучувањето предвидено во Оддел 2, утврди дека имателот на сертификатот намерно или поради небрежност ја прекршил Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008 или нејзините правила за спроведување, таа може да донесе одлука за изрекување глоба која не треба да надминува 4 % од годишниот приход или обртот на имателот на сертификатот во претходната финансиска година.

2. Кога имателот на сертификатот не престанува со прекршувањето во моментот на донесување на одлуката од став 1, Комисијата може, во истата одлука, да наметне периодични парични казни кои не надминуваат 2,5 % од просечниот дневен приход или обрт реализиран од страна на имателот на сертификатот во претходната финансиска година.

Овие периодични парични казни може да се наметнат за период од денот на објавување на одлуката до денот кога престанува прекршувањето.

3. За целите на ставови 1 и 2, претходната финансиска година се однесува на финансиската година пред датумот на одлуката од став 1.

4. Глобите и периодичните парични казни имаат административен карактер.

5. Одлуката за наметнување глоби или периодични парични казни е спроведлива.

*Член 14*

**Содржини на одлуките**

1. Одлуката предвидена во член 13 се темели исклучиво на основите во однос на кои имателот на сертификатот има можност да ги достави согледувањата до Комисијата.

2. Комисијата го известува имателот на сертификатот за расположливите правни лекови.

3. Комисијата ја известува Агенцијата и земјите-членки во однос на донесувањето на одлуката.

4. Кога Комисијата ги објавува деталите за својата одлука и ги известува земјите-членки, го има предвид легитимниот интерес на имателите на сертификатите и на други субјекти за заштита на нивните д тајни.

*Член 15*

**Критериуми по кои се уредува примената и висината на глобите и периодичните парични казни**

1. При одлучување околу изрекувањето глоби и периодични парични казни и одредување на нивната висина, Комисијата се раководи по начелата на ефективност, пропорционалност и разубедување.

2. Во секој случај Комисијата ги има предвид следниве околности, каде е соодветно:

а) сериозноста и ефектите од прекршувањето, а особено влијанијата и ефектите за безбедноста и за животната средина;

б) степенот на совесност и соработка прикажан од страна на имателот на сертификатот при идентификација на прекршувањето и примената на корективни мерки, како и во текот на постапката за утврдување на неусогласеноста, или која било пречка од страна на имателот на сертификатот за идентификација на прекршувањето и во текот на постапката за утврдување на неусогласеноста, како и секое неисполнување од страна на имателот на сертификатот на барањата на Агенцијата, Комисијата или националната воздухопловна власт во примена на оваа регулатива;

в) добрата волја на имателот на сертификатот во толкувањето и во исполнувањето на обврските поврзани со имателите на сертификати во согласност со Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008 или нејзините правила за спроведување, или кој било доказ за намерна измама од страна на имателот на сертификатот;

г) обртот од релевантниот случај и економските можности на релевантниот имател на сертификатот;

д) потребата да се донесат привремени или итни мерки;

ѓ) повторувањето, фреквенцијата или времетраењето на прекршувањето направено од страна на имателот на сертификатот;

е) претходни санкции, вклучувајќи ги паричните казни, наметнати на истиот имател на сертификатот.

3. При утврдување на износот на глобите и периодичните парични казни, Комисијата ги има предвид сите други мерки за спроведување преземени против имателот на сертификатот на национално ниво или од страна на Агенцијата врз основа на истиот правен основ и истите факти.

*ОДДЕЛ 4*

***Несоработка***

*Член 16*

**Периодични парични казни за несоработка**

1. На барање на Агенцијата или по сопствена иницијатива, Комисијата може, преку одлуката, да им наметне на имателите на сертификати периодични парични казни по ден кои не надминуваат [0,5 %] од просечниот дневен приход или обрт на имателот на сертификатот во претходната финансиска година, кога намерно или од небрежност:

а) не ги исполнуваат истражните мерки донесени во согласност со член 5;

б) даваат неточни или погрешни информации како одговор на истражната мерка донесена во согласност со член 5;

в) не го исполнуваат барањето за информации во согласност со член 11;

г) даваат неточни или погрешни информации како одговор на барањето за информации во согласност со член 11.

Периодичните парични казни може да се наметнат за период од денот на известување на одлуката до денот кога престанува несоработката.

2. За целите на став 1, претходната финансиска година се однесува на финансиската година пред датумот на одлуката од став 1.

*Член 17*

**Постапка**

Кога Комисијата има намера да донесе одлука во согласност со член 16(1), како прво писмено го известува имателот на сертификатот, поставувајќи рок во кој имателот на сертификатот може до Комисијата да поднесе писмени согледувања.

Комисијата не е должна да ги има предвид писмените согледувања добиени по истекот на тој рок.

*Член 18*

**Дополнување на постапките**

За целите на покренување и водење на постапката за утврдување на неусогласеност, Комисијата и Агенцијата ги имаат предвид:

а) сите постапки за утврдување на неусогласеност покренати или заклучени од земја-членка или трета земја против истиот имател на сертификатот и врз основа на истиот правен основ и истите факти; како и

б) сите постапки покренати од страна на Агенцијата во согласност со Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008 против истиот имател на сертификатот, врз основа на истиот правен основ и истите факти, и со намера за изменување, ограничување, суспендирање или повлекување на соодветниот сертификат.

*ОДДЕЛ 5*

*Член 19*

**Наплата на глоби и периодични парични казни**

Комисијата продолжува со наплатата на глобите и периодичните парични казни, воспоставувајќи налог за наплата и издавајќи опомена за долгот во согласност со Регулатива (ЕЗ, Евроатом) бр. 1605/2002[1] на Советот и Регулатива (ЕЗ, Евроатом) бр. 2342/2002[2] на Комисијата.

ПОГЛАВЈЕ III

**ПРИСТАП ДО ДОКУМЕНТАЦИЈА, ПРАВНА ПОМОШ, ДОВЕРЛИВОСТ И ПРИВРЕМЕНИ ОДРЕДБИ**

*ОДДЕЛ 1*

***Права на одбрана***

*Член 20*

**Пристап до документација**

1. По известувањето од член 4 имателот на сертификатот има право, на барање, да добие пристап до документацијата и другите материјали собрани од страна на Комисијата и Агенцијата и кои служат како доказ за наводното прекршување.

2. Документите добиени преку пристап до документацијата треба да се користат само за судски или административни постапки за примена на оваа регулатива.

*Член 21*

**Правна помош**

Имателот на сертификатот има право на правна помош во текот на постапката за утврдување на неусогласеност.

*Член 22*

**Доверливост, професионална тајна и право на молчење**

1. Без да е во спротивност со размената и употребата на информации во член 5(3) и член 11(1), постапката за утврдување на неусогласеност се спроведува во согласност со начелата на доверливост и професионална тајна.

Комисијата, Агенцијата и националните воздухопловни власти, каде што е соодветно, во согласност со член 5(3) и член 11(1), вработените и други лица кои работат под нивен надзор, не откриваат информации стекнати или разменети во согласност со оваа регулатива и кои се предмет на професионална тајна и обврска за доверливост.

2. Без оглед на правото за пристап до документацијата, имателот на сертификатот нема

1 Сл. весник бр. L 248, 16.9.2002 год., стр. 1.
2 Сл. весник бр. L 357, 31.12.2002 год., стр. 1.

пристап до професионални тајни, доверливи информации или внатрешни документи кои што ги поседува Комисијата или Агенцијата.

3. Секое лице кое доставува согледувања или информации во согласност со оваа регулатива, јасно го означува секој материјал за кој смета дека е доверлив, ги наведува причините и става на располагање посебна верзија која не е доверлива во рокот утврден од страна на Комисијата или Агенцијата. Во отсуство на такво укажување, Комисијата може да претпостави дека доставените согледувања или информации не содржат доверливи информации.

4. Имателите на сертификати имаат право на молчење во ситуации каде што треба да дадат одговори со кои го признаваат постоењето на прекршувањето.

*ОДДЕЛ 2*

***Преодни одредби***

*Член 23*

**Примена на рокови**

1. Роковите утврдени во оваа регулатива почнуваат од денот по приемот или со испорака на рака на известувањето.

Ако имателот на сертификатот е должен да соопшти согледувања или информации во одреден временски рок, доволно е за целите на известувањето тие да бидат испратени со препорачана пошта пред истекот на тој рок.

2. Роковите кои истекуваат на државен празник, во недела или сабота ќе бидат продолжени до крајот на наредниот работен ден.

3. При утврдување на роковите од оваа регулатива, Агенцијата и Комисијата го имаат предвид и времето потребно за подготовка на известувањето и итноста на предметот.

4. Доколку е потребно, роковите може да се продолжат по образложено барање поднесено пред крајниот рок.

*Член 24*

**Рокови на застареност за наметнување на глоби и периодични парични казни**

1. Правото на Комисијата да донесе одлука со која се наметнуваат глоби и периодични парични казни во согласност со член 13 истекува по пет години.

Во случај на периодични парични казни предвидени во член 16, правото на Комисијата да донесе одлука за наметнуваање таква казна застарува по истекот на три години.

Времето почнува да тече од денот кога е направено прекршувањето. Меѓутоа, во однос на трајни или повторливи прекршувања, времето почнува да тече од денот кога престанува прекршувањето.

2. Секоја мерка преземена од страна на Агенцијата или Комисијата за целите на истрага

или постапката за утврдување на неусогласеност го прекинува рокот на застареност предвиден во став 1. Рокот на застареност се прекинува од денот кога мерката му е соопштена на имателот на сертификатот.

3. По секој прекин роковите почнуваат одново да течат. Меѓутоа, рокот на застареност не може два пати да го надмине првичниот рок на застареност, освен кога рокот на застареност е прекинат во согласност со став 4. Во тој случај, рокот на застареност се продолжува за период во текот на кој застарувањето се прекинува.

4. Рокот на застареност за наметнување на периодични парични казни се прекинува во текот на периодот во кој одлуката на Комисијата е предмет на постапка пред Судот на правдата на Европската Унија.

*Член 25*

**Рокови на застареност за наплата на глоби и периодични парични казни**

1. Правото за покренување на постапката за наплата застарува за една година откако одлуката наведена во член 13 или член 16 станува конечна.

2. Рокот на застареност за наплата на глоби и периодични парични казни се прекинува со секоја мерка на Комисијата, или на земја-членка на барање на Комисијата, за целите на наплата на глобите или периодичните парични казни.

3. По секој прекин роковите почнуваат одново да течат.

4. Рокот на застареност за наплата на глоби и периодични парични казни се прекинува:

а) во текот на периодот дозволен за плаќање;

б) во текот на периодот во кој извршувањето на наплатата се прекинува врз основа на одлуката на Судот на правдата на Европската Унија.

ПОГЛАВЈЕ IV

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

*Член 26*

**Примена**

Во случај на прекршување кое почнало пред влегувањето во сила, оваа регулатива се применува на делот на прекршувањето направено по тој датум.

*Член 27*

**Влегување во сила**

Оваа регулатива влегува во сила на дваесеттиот ден од денот на нејзиното објавување во *Службениот весник на Европската Унија*.

Оваа регулатива е целосно обврзувачка и директно применлива во сите земји-членки.

Брисел, 16 јули 2012 година

*За Комисијата*

*Претседател*

Жозе Мануел БАРОСО